Сиг. 0801-43

8+

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Инв. Бр. 1/3

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Министерство за образование и наука Биро за развој на образованието СКОПЈЕ

Проектни активности
од реформираното гимназиско
образование

*ПОДРАЧЈЕ*
*ЛИТЕРАТУРНИ КЛУБОВИ И ДРАМСКИ СЕКЦИИ*

Блага ПАНЕВА

Скопје, 2004 год.

# *Проектни активности во гимназиското образование*

литературни клубови и драмски секции

Драма

Дебата

литература - уметност

поезија

репортажа

проза

училиштен весник

новинарство

## 1. НАЗИВ НА ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ

**Проектната активност од подрачјето Литературни клубови и драмски секции ги опфаќа областите:**




## 2. ПОТРЕБА:

Проектните активности се посебно подрачје во Наставниот план чијашто функција е задоволување на индивидуалните интереси и желби на учениците во одделни области. Тие се разликуваат од наставните предмети и се реализираат на следниот начин:

- по слободен избор на ученикот;
- во рамките на годишниот фонд на часови;
- наставна година од I до IV;
- во училиштето и надвор од него;
- обемот е 35 часови[1];
- фонд[2]:
  - литературен клуб 35 часови;
  - драма и драмска секција 35 часови;
  - дебатен клуб 35 часови;
  - училиштен весник 35 часови.

## 3. ЦЕЛИ НА ПРОЕКТНАТА АКТИВНОСТ

### 3.1 *Општа цел*

-Воведувањето на учениците во истражувачката работа;
-оспособување на учениците за самостојна работа;
-откривање на афинитетите на ученикот;
-соработка меѓу групите (тимска работа);
-поттикнување на индивидуалните способности;
-почитување на одлуките кои се донесуваат во рамките на групите;

---

[1] Во IV година обемот на проектните активности изнесува 30 часа или вкупно 60 часа годишно.

[2] За **вовед** во проектот во I година се употребуваат **15 часови** кои наставникот ги користи за давање општи насоки и објаснувањето на целта, методологијата, изработување за план за работа, анализа на податоците, изработување на приказот на истражувањето, инструментите за изработување на проектната задача и начинот на нејзиното презентирање. Останатите **20 часа** учениците ги користат за изработување на проектната задача и за презентација на приказот на проектот, под менторство на наставникот

-проширување и продлабочување на знаењата на ученикот;
-активен однос на ученикот;
-поддршка од училиштето за исполнување на процесот кој треба да се реализира;
-ефективно користење на капацитетите во училиштето и други институции;
-креативна реализација;
-претставување на трудовите на учениците пред поширокaта јавност (пр. драмските активности може да се претставaт на патрониот празник, на алтернативниот театар ФААТ или на некои други културни манифестации).

3.2 *Конкретни цели:*
-Подготовка на учениците (првите 15 часа) за изработка на проектна задача во функција на подготовка за успешна изработка на матурската задача;
-откривање на интересите на ученикот за литературата и уметноста;
-проширување и продлабочување на знаењата на ученикот за литературата, драмата, дебатите и новинарството;
-поттикнување на креативното изразување (во пишувањето и во актерството);
-насочување кон соработка со другите членови на тимот;
-успешно претставување на изработените проекти, поврзување со проекти (од другите подрачја) и достојна презентација пред јавноста.

## 4.ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ ПО ОБЛАСТИ И ТЕМИ

### *ЛИТЕРАТУРЕН КЛУБ*



Активностите може да се насочуваат во разни сфери. Во преден план доаѓа креативната способност на учениците така што ќе се читаат литературните состави на членовите, а потоа ќе се дискутира за вредноста на прочитаниот состав.Може да бидат прочитани и содржини кои ќе се однесуваат на животот и делото на писателите при што може да биде искористен и разговор со писател од поднебјето каде што живеат учениците. Успешноста на некое дело може да се претстави и преку читање фрагменти од истото и коментари. Во оваа насока може да се искористи и вежбањето на учениците за убаво естетско читање и рецитирање. Работата може да биде насочена и кон собирање народни умотворби (од живи интерпретатори или од Институтите) и разгледување на нивната содржина и пораки кои тие ги нудат. Може да бидат опфатени повеќе теми, но без некој определен распоред.

Проблеми можеби ќе предизвикаат еднострaноста во работата, временското ограничување или поклопувањето со некои други активности

и недостатокот од време потребно за темата која се обработува. Правилно искористеното време треба да се темели врз:

1. *распоредот на работните активности;*
2. *темите кои треба да се обработуваат;*
3. *бројот на часовите за конкретните содржини* (пр. колку часови се потребни за читање на составите на членовите, за писателите и за нивните дела, средбите со писателите, резултатите од собраниот материјал и сл.)

Ако сето ова се земе предвид тогаш може успешно да се испланира годишната работа и успешно да се реализираат поставените задачи.

Важно е да биде прецизирано и времето (денот, местото и часот) со што кај учениците се формира и навика за одговорност, исполнителност и точност.

Содржини и предлог теми [3]

| Р. бр. | Содржини: | Предлог теми: |
|---|---|---|
| I | *Правописни норми* | 1.Правоговор – истражување за (не)правилното зборување<br>2. Акцент – истражување за (не)правилно користење на прозодиските средства |
| II | *Творечко говорење* | 1. Емоционалност во изразувањето<br>2. Пауза, интонација<br>3. Примена на акцентот |
| III | *Теорија на литература* | 1.Стилистика – видови стилови и нивна употреба<br>2. Избор на литературен текст и коментирање на стилот<br>3. Фолклор – етнолошките елементи во литературата<br>4. Анализа на дело од народната литература<br>5. Поезија – развојот низ вековите<br>6. Насоки за пишување поетски текст<br>7. Проза – развојот низ историјата<br>8. Пишување прозен текст |
| IV | *Хуманизам и ренесанса* | 1. Претставници на италијанската и на европската ренесанса – карактеристики на текстовите<br>2. Читање текстови од просветителството во Македонија и дискусија за истите |
| V | *Народно творештво* | 1. Епика –текст по избор од народното творештво<br>2. Баладите во народното творештво<br>3. Обид за пишување балада<br>4, Дискусија за напишаната балада<br>5. Романсите во народното творештво<br>6.Обид за пишување романса<br>7. Дискусија за напишаната романса<br>8. Обиди за литературни состави<br>9. Учество на конкурси |
| VI | *Романтизам* | 1. Карактеристики на литературниот правец преку избрано дело од европскиот романтизам<br>2. Животот и делото на обработуван европски романтичар |
| VII | *Македонско-то народно творештво* | 1. Значењето на македонското народно творештво<br>2. Обиди за преработка на народни песни од Зборникот на браќата Миладиновци |

[3] Од листата на понудени содржини ученикот може да избира, но може да понуди и свој наслов за проектот кој сака да го реализира.

| | | |
|---|---|---|
| VIII | *Реализам* | 1.Европскиот реализам - елементите кои се среќаваат во литературниот текст<br>2. Обид за пишување реалистичен расказ<br>3. Дискусија за содржината на реалистичниот расказ |
| IX | *Македонска-та литера-тура* | 1. Драмата меѓу двете светски војни<br>2. Обид за пишување драмски текст според даден мотив<br>3. Дискусија за напишаниот драмски текст<br>4. Истражување на тема: *Кој е првиот македоски роман?* |
| X | *Реализам, модернизам* | 1.Раскази по избор од светските реалисти во 20 век<br>2. Обид за пишување реалистичен расказ<br>3. Дискусија за напишаната содржина<br>4. Пишување лирска песна инспирирана од модернизмот<br>5. Дискусија за напишаната песна |
| XI | *Современа македонска литература* | 1.Современиот македонскиот роман<br>2. Средба со македонски романсиер<br>3. Современата македонската поезија<br>4. Средба со македонски повоен поет<br>5. Литературни обиди – пишување поезија<br>6. Современата македонската драма<br>7. Средба со македонски драматург<br>8. Обиди за литературна критика |

## ДРАМА И ДРАМСКА СЕКЦИЈА



Основната ориентација од оваа област се однесува на формирање драмска секција и определување ученици кои имаат афинитети и интереси кон драмата и драмската уметност. Со оглед на спецификата на оваа област, треба да се внимава при селекцијата на учениците да се изберат ученици кои ќе го прифатат напорното темпо на подготовка на драмските претстави, а и ученици кои ќе истражуваат интерес од областа на театарската уметност. Потребно е да се поттикне креативноста и индивидуалната т.е. тимската работа.

Во зависност од бројот на учениците и од другите можности, наставникот треба да ја организира работата со учениците преку формирање групи кои ќе реализираат поттеми во проектот, а ќе се однесуваат на драмската уметност. За оваа активност пожелно е учениците да соработуваат со институции од културата (пред сè театарот) и лица вработени во истите.

Реализацијата ќе биде успешна само ако активностите прецизно и јасно се дефинираат и ако се определи нивната динамика.

**Предлог теми**[4]

| Р.бр. | **Теми:** |
|---|---|
| 1. | Поим за театар |
| 2. | Театарот како уметност |

4 Од листата на понудени теми ученикот може да избира, но може да понуди и свој наслов за проектот кој сака да го реализира.

| | |
|---|---|
| 3. | Поврзаноста на театарот со литературата |
| 4. | Посета на театар и разгледување на просториите |
| 5. | Карактеристиките на театарската претстава |
| 6. | Присуствување на театарска претстава и воочување на театарскиот говор |
| 7. | Присуствување на театарска претстава и воочување на музиката и другите звуци |
| 8. | Декорот во театарската претстава |
| 9. | Сценографијата како важен елемент |
| 10. | Улогата на костимите во една театарска претстава |
| 11. | Улогата на артистот во театарската претстава |
| 12. | Поставување текст (по избор) за драмска изведба |
| 13. | Соработка со артист од театар |
| 14. | Соработка со режисер од театар |
| 15. | Вежбање на драмски улоги |
| 16. | Вежбање на дијалози или монолози |
| 17. | Текот на драмското дејство |
| 18. | Ситуации во кои се наоѓа драмскиот лик |
| 19. | Движењето на сцена во функција на театарската претстава |
| 20. | Ежен Јонеско: „Во театарот сè е јазик" |
| 21. | Параjазични елементи на драмскиот јазик: (време, дејство, ситуација, рамка на сценското случување) |
| 22. | Поставување на драмски текст за изведба на сцена (по сопствен избор) |
| 23. | Времето во театарската претстава |
| 24. | Дејството во театарската претстава |
| 25. | Местото во театарската претстава |
| 26. | Посета на театарска претстава |
| 27. | Обид да се направи паралела помеѓу драмскиот текст и театарската претстава |
| 28. | Проба на текстот за театарска претстава |
| 29. | Читање по улоги |
| 30. | Движење на сцена |
| 31. | Поставување на мизансценот |
| 32. | Заокружување на циклусот драма и театарска претстава |
| 33. | Првиот македонски патувачки театар |
| 34. | Подготовки за римејк на претставата „Македонска крвава свадба" од Војдан Чернодрински |
| 35. | Посета на театарска претстава ( по можност понудената) |
| 36. | Дискусија во врска со посетената претстава |
| 37. | Драмски критичар |
| 38. | Подготовка на текстот за изведба на сцена |
| 39. | Читање на улогите |
| 40. | Вежбање на сцена |
| 41. | Сумирање на резултатите |

## *ДЕБАТЕН КЛУБ*



Способноста за усмено изразување подразбира добро познавање на граматиката и на речникот на еден јазик. Наставните планови и програми во училиштата честопати го запоставуваат свесното развивање на говорот, како резултат на ова говорењето во јавноста, особено ако станува збор за некоја контраверзна тема, за многумина претставува стрес. Притоа некои луѓе

тешко го искажуваат својот став, додека пак други умеат да бидат нападни и да не ги почитуваат ставовите на другите. Способноста успешно да се преговара и да се дискутира на одредена тема подразбира владеење на многу лингвистички, интелектуални и социјални вештини.

*Дебатата претставува рамка за водење структурирана дискусија на разни теми.* Два тима ги изложуваат своите аргументи и контрааргументи со цел да ги убедат судиите во правилноста на својот став *со помош на реторички способности.*

**Дебатите помагаат за развој на :**

- *логички и критички начин на размислување;*
- *вештини за организирање на сопствените мисли;*
- *усното изразување;*
- *емпатија и толеранција на ставовите кои се поинакви од нашите;*
- *самодовербата;*
- *способноста да се работи во еден тим;*
- *способност да се концентрираме на суштината на прашањето;*
- *начинот на однесување при јавниот настап.*

Тоа се **вештини кои се неопходни за успешна комуникација со другите.** Единствената вештина која е неопходна при водењето преговори во реалниот живот, а која не се вежба со дебатите, е способноста да се дојде до **компромис.** Но, подготвувајќи ја дебатата учесниците ќе мора во детали да ја анализираат зададената тема, ќе мора да ги одмерат разните интерпретации и импликации на таа иста тема. Тоа значи дека на индиректен начин со ова стануваме поотворени кон ***компромисни решенија.***

Дебатата најмногу придонесува за **развивање на критичкиот начин на размислување** и ги подготвуваат учениците:

- *интелигентно да се однесуваат и да учествуваат во општеството во кое живеат;*
- *да гласаат и да може да се снајдат во улога на лидери;*
- *да истражуваат, да разгледуваат и да анализираат значајни проблеми од нивното секојдневие;*
- *да научат да соработуваат со своите колеги;*
- *да научат да пишуваат и да одржуваат говори;*
- *да може да дадат брз аналитички одговор;*
- *да бидат критички слушатели;*
- *да донесуваат зрели одлуки;*
- *да стекнат самодоверба и чувство на сигурност.*

Дебатите може да имаат разни форми. Тие може да имаат натпреварувачки карактер, да бидат парламентарни или да се дел од слободните активности на учениците.

Подготовка на учениците за дебата

За почеток може да се работи само со 6 ученици, но многу е подобро ако има повеќе учесници (на пр. 12). На овој начин ќе може да се менува составот на тимовите, а и ако се случи некој ученик да мора да отсуствува тоа нема да биде причина дебатата да се одложи.

Улогата на разните говорници (1,2 или 3) бара поинакви карактеристики и затоа некои ученици можеби најдобро ќе се снајдат во одредени улоги, но, без обзир на ова, секој член мора да земе учество во подготовката, а и да се испроба секој говорник на лице место во дебатата.

**Учесници во дебатите:**

- Мерач на време,
- судија,
- тимови.

Пример во редоследот на говорниците:




**А брани**
**Н напаѓа**

ЗАБЕЛЕШКА: А2, Н2, А3 и Н3 може да дадат нови докази во прилог на тезата, но не смеат да внесуваат нови аргументи.

Кога се работи за почетници или за многу млади учесници, времето на дебатата може да биде сведено на половина.

Тимовите исто така имаат право на 8 минути консултација, кои може да ги искористат одеднаш, пред или на крајот на дебатата или да го искористат во помали парчиња по некој од говорите на членовите на нивниот тим.

## ПОДГОТОВКА

Подготовката се извршува пред дебатата. Членовите на тимот работат заедно и решаваат:

1. **на кој начин ќе ја формулираат тезата;**
2. **кои аспекти ќе ги земат предвид.**

Аспектите треба добро да се истражат за да добијат соодветни аргументи и докази. Освен почетниот говор на **А1, кој мора мајсторски да биде изведен,** другите членови на тимот не мора да ги запишат своите говори во целост. Од особено значење за негативниот тим е да подготват алтернативни аргументи за да можат во секој случај да одговорат на афирмативниот тим.

*Дозволено е членовите на еден тим да си разменуваат писмени забелешки, а ова треба да се поттикнува и во двата тима.*

**Чекори кои се препорачуваат**

1. „Важноста на зборовите"– свест за тоа дека се работи за комуникативна игра. (на пр. Половина од групата ќе види една слика која другата половина не може да ја види. Оние кои може да ја видат сликата треба да им диктираат на оние кои не ја гледаат сликата, а тие треба да ја нацртаат истата слика. Оние кои диктираат не треба да гледат како нивниот партнер црта).
2. Прикажување на една дебата на видео.
3. Учениците треба сами да изведат заклучок, а потоа професорот треба да им ги објасни правилата.
4. Да се анализираат улогите на говорниците.
5. Дефиниции.
6. Начини на кои може да се развијат аргументите.
7. Аспекти на судењето.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

8. Развиток на техниките со кои се држи говор (артикулација, глас...).
9. Вежбање за јавни настапи.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

10. Давање идеи.
11. Истражување.
12. Групирање и селектирање аргументи.
13. Пишување говор.

- - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - - -

14. Вежбање на дебати кои ќе бидат однапред подготвени.
15. Вежбање на судењето.
16. Вежба, вежба, вежба...
17. Подготвка за натпревари.

Постапките кои се наоѓаат меѓу испрекинатите линии тесно се поврзани и треба да се вежбаат заедно. Сите овие точки треба постојано да се вежбаат за учениците да бидат посигурни во својот настап и за да им се разјаснат оние работи кои во почетокот не им биле јасни. Вежбата секогаш треба да биде во фокусот на работата.

## Училиштен весник



Училиштниот весник, во рамките на Проектните активности, треба да функционираат како информатор за сите активности од подрачјата кои се реализираат во рамките на Проектните активности. Ангажираноста на учениците ќе произлегува од актуелности кои се случуваат во средината и во училиштето и од реализацијата на сите подрачја во проектните активности. Начинот на организација на работата ќе се постави врз основа на следење, интервјуирање, фотографирање, документирање, репортажи од истражувања на другите групи, а ќе се заокружи преку издавање на училиштен весник. Училиштниот весник треба да биде организиран според правилата на дневниот печат и да ги содржи сите потребни информации.

## 5. ОРГАНИЗАЦИЈА И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ




Елементи на проектната активност за учениците

**5.1. Организација на времето**

- Планирање во текот на работните денови во седмицата, но не како часови во редовниот распоред;
- времето треба да биде прифатливо за учениците и да не се поклопува со редовниот распоред на часови;
- активностите може да се одвиваат и надвор од училиштето во зависност од потребите на проектот.

**5.2. Организација на проектните групи**

- Наставникот организира и реализира проектни групи според капацитетите во училиштето и желбите и афинитетите на учениците.

**5.3.Улогата на наставникот**

- да ги испланира активностите;
- да им помагаат на учениците во работата;
- менторска улога;
- улога на тренер ( обука за конкретни активности);
- да го определат времето кога ќе се изведуваат активностите преку распоред на часови кој нема да се поклопува со редовната настава, но и нема да ги оптоварува дополнително учениците;
- да ги определат:
  -задачите (кои?),
  -роковите (до кога?),
  -соработката (со кого?);
- да формираат групи;
- да водат евиденција на активностите на учениците во формулар подготвен за таква намена (портфолио).

**5.4 Активности на ученикот:**

- да изберат проектна активност според сопствените афинитети;
- да имаат континуитет во работата;
- меѓусебна да соработуваат;
- достојно да го претставуваат училиштето на манифестациите;
- да ја реализираат предвидената проектна активност;
- да водат сопствено портфолио кое ќе го контролира наставникот.

**5.5 Соработка со:**

- менторот;
- другите наставници;
- стручните соработници (педагози, психолози, социолози, библиотекар и др.);
- надворешни соработници (пр. од театарот, издавачката дејност, писатели, новинари и др.);
- учениците;
- класниот раководител кој ќе ги верификува документите кои се однесуваат на реализирањето на ученичките активности.